RULE OF LAW
EU SUPPORT FOR

ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

ЦЕНТРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Посигурна иднина: Зајакнување на превенцијата од родово базирано насилство преку професионална обука во Северна Македонија

Улога

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е јавна институција која спроведува мерки за вработување и извршува професионални, организациони, административни и други задачи поврзани со вработувањето и осигурувањето за невработеност. Таа обезбедува поддршка, помош и услуги на учесниците на пазарот на труд, вклучувајќи и групи на лица во ранливи ситуации. Како први даватели на одговор, претставниците од Агенцијата за вработување на Северна Македонија играат клучна улога во економското оснажување на жртвите на родово базирано насилство преку олеснување на нивната интеграција на пазарот на труд. Како што е наведено во Протоколот за меѓуинституционална соработка, кога се спроведуваат заштитни мерки, професионалците од Центарот за социјална работа ја известуваат релевантната филијала на Агенцијата за вработување за да се координира вклучувањето на преживеаната во активните мерки за вработување. Ова вклучува учество во програми за обука и преквалификација прилагодени на нивните потреби и можности, со цел поддршка на нивната долгорочна економска независност и намалување на ризикот од враќање во насилни ситуации. Сепак, неодамнешни истражувања покажуваат дека во многу случаи Центарот за социјална работа не добил формален одговор од локалната канцеларија на Агенцијата за вработување дали им помогнале на жртвата и дали ја поддржале во наоѓање работа или во следење обука.

Затоа, обуките за кариерните советници и вработените во Центрите за вработување се од суштинско значење за да се обезбеди дека тие можат ефикасно да ги поддржуваат жртвите на родово базирано, насилство врз жени и семејно насилство. Овие професионалци имаат клучна улога во реинтеграцијата на жртвите преку обезбедување кариерано советување, олеснување на пристапот до можности за вработување и поврзување со програми за финансиска помош. Специјализираната обука ќе им овозможи знаење за препознавање знаци на насилство, усвојување на пристап базиран на траума и нудење прилагодена поддршка која ги задоволува специфичните потреби на жртвите. Со унапредување на нивните вештини, агенцијата може да придонесе кон долгорочното економско осамостојување и нивна независност, со што се намалува ризикот од враќање во насилни ситуации.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Вовед и контекст

Родово базираното насилство (РБН), вклучувајќи го насилството врз жени (НВЖ) и семејното насилство (СН), претставува сериозен и траен општествен проблем во Северна Македонија, длабоко вкоренет во патријархалните норми, нееднаквите односи на моќ и родовите стереотипи. И покрај постојното законодавство и усогласувањето со Истанбулската конвенција, предизвици остануваат во имплементацијата на законите, недоволната институционална координација и ограничените капацитети за превенција и заштита.

РБН и понатаму е широко распространето во Северна Македонија. Речиси половина од жените (45%) имаат доживеано некој облик на насилство од интимен партнер – било физичко, сексуално или психолошко – по 15-годишна возраст. (ОБСЕ, 2019)

- Внатрешни податоци собрани од 30-те Центри за социјална работа од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) покажуваат континуиран пораст на пријавени случаи на РБН и СН во периодот од 2022 до 2024 година.
- Психолошкото насилство останува најчесто пријавуваниот облик, зголемувајќи се од 1.051 случаи во 2022 на 1.492 во 2024 година.
- Физичкото насилство исто така бележи постојан пораст, со 846 пријавени случаи во 2022 година, 944 случаи во 2023 година и достигнувајќи 951 случај во 2024 година.
- Иако поретко пријавувано, економското насилство е во пораст – од 25 случаи во 2022 на 36 во 2024 година.
- Според податоците од МВР, случаите на силување се зголемиле од 18 во 2022 на 33 во 2023 година и 31 во 2024.
- Случаите на телесна повреда и понатаму доминираат во контекстот на семејното насилство, со повеќе од 650 кривични дела регистрирани секоја година.
- Бројот на фемициди — кој се движи од 3 до 7 годишно — е загрижувачки, особено во контекст на земја со население од само 1,8 милиони жители.

Истражувањето спроведено од ОБСЕ (2019) покажа дека само 2% од жените во Северна Македонија кои доживеале родово базирано насилство го пријавиле на полицијата инцидентот што тие го сметаат за најсериозен

Истражувањето за родово базирано насилство на ЕУ (2024), кое ги опфаќа сите 27 земји членки, покажува дека 21% од жените кои доживеале физичко насилство, закани и/или сексуално насилство во некој период од животот побарале поддршка од здравствена или социјална служба додека 14% од нив го пријавиле инцидентот во полиција.



Обем на истражувањето

Истражувањето имаше за цел да одговори на следното главно прашање: „*Како може да се унапреди превенцијата на родово базираното насилство во Северна Македонија преку обука на професионалци/први одговорни лица?*“

Истражувањето користи комбиниран методолошки пристап кој вклучува преглед и анализа на релевантна литература и законски документи, како и квалитативни податоци собрани преку интервјуа и онлајн прашалници со професионалци и први одговорни лица. Истражувањето беше спроведено во периодот ноември 2024 – април 2025 година. Собраните податоци се фокусираат на превентивните мерки, конкретно обуките за професионалци и првите одговорни лица, кои беа реализирани од јануари 2021 до декември 2024 година.

ОПФАТ - ОПФАТ - Вкупно 47 вработени од 25 Центри за вработување учествуваа во истражувањето. Поголемиот дел беа жени (39), помал број мажи (7), а еден испитаник не го открил својот пол. Улогите беа различни, од повисоки и соработнички позиции во службите за вработување до психолози, советници и раководители на центри, при што 35 испитаници имаа повеќе од 6 години професионално искуство. Ова го отсликува високо искусен кадар ангажиран во разновидни функции за поддршка на вработувањето.

Клучни Наоди -Центри за вработување

Истражувањето открива дека вработените во центрите за вработување добиле најмалку обуки за РБН, НВЖ и СН во споредба со другите даватели на прв одговор при РБН. И покрај нивната ограничена подготвеност, нивната улога е клучна во економската реинтеграција на жртвите кои не се економски активни или се изложени на ризик да ги изгубат своите работни места поради насилството што го доживуваат — што претставува клучна компонента на долгорочното закрепнување и спречување на повторна виктимизација. Овој јаз во обуката ја поткопува способноста на центрите за вработување ефективно да им помогнат на жртвите и укажува на итна потреба од зајакнување на капацитетите во овој сектор.

Клучен наод укажува дека само половина од испитаниците од центрите за вработување ја препознаваат улогата на институционалната доверба и професионалното однесување во одлуката на жртвите да пријават РБН. Останатите испитаници или ја припишуваат одлуката исклучиво на волјата на жртвата или изразуваат несигурност во врска со сопствената улога во спречувањето и/или пријавувањето на РБН. Ова укажува на ограничено разбирање на клучната улога што ја имаат професионалците од центрите за вработување во поширокиот систем за заштита — особено во градењето доверба и поддршката на економското зајакнување на жртвите.

Работа со жртвите и сторителите на родово базирано насилство (РБН)

Приближно 38% од испитаниците изјавиле дека директно работат со жртви на РБН, насилство врз жени (НВЖ) или семејно насилство (СН) — обично преку упатувања од Центрите за социјална работа (ЦСР) — нудејќи советување за кариера, профилирање и вклучување во активни мерки за вработување. Повеќе од 60% одговориле дека немаат директен контакт со жртвите, што укажува на празнини во институционалните процедури или нејасност во улогите. Мал број испитаници имале искуство со сторители, и тоа само инцидентно преку општи услуги, а не преку таргетирани интервенции, што ја потенцира критичната празнина во структурирани мандати за рехабилитација на сторителите.

Правна свесност и обврски за пријавување

Повеќето испитаници ја препознаа нивната улога во реинтеграцијата на жртвите на РБН, согласно член 99 од од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (ЗСЗНВЖСН). Сепак, многумина не го идентификуваа пријавувањето на РБН како дел од нивните обврски, што укажува на недостаток на разбирање на законските обврски. Загрижувачки е што само 2 од 45 испитаници беа целосно запознаени со ЗПЗН, а исто толку мал број беа запознаени и со Истанбулската конвенција, што ја нагласува потребата од фокусирани обуки.

Празнини во обуките и учество

Еден од клучните наоди е дека 85% од испитаниците изјавиле дека немале или имале недоволно обуки за РБН. Само 5 професионалци посетиле обука помеѓу 2021 и 2024 година, често ограничена на општи теми. Клучни содржини како реинтеграција, сензибилизација на работодавачите, пристапи засновани на траума и овластување на жртвите ретко беа покриени. Меѓутоа, учесниците кои примиле обука изразија високо задоволство.

Институционални протоколи и професионално однесување

Двајца од 13 испитаници потврдија постоење на јасни институционални протоколи за ракување со случаи на РБН. Останатите или изјавиле дека не постојат, не биле сигурни или опишале неформални практики. Ова укажува на итна потреба од стандардирани, законски усогласени интерни процедури. Иако повеќето професионалци ја признаа важноста од чувствителен третман на жртвите, некои имаа контрадикторни ставови околу тоа дали сите клиенти треба да се третираат еднакво за да се избегне стигматизација. Ова ја потенцира потребата од појасни етички упатства и пристапи засновани на траума.

Перцепции, ставови и стереотипи

Иако повеќето испитаници поддржуваат родова еднаквост и го отфрлаат насилството, постојат проблематични ставови. Една третина се согласуваа или беа неутрални кон верувањето дека жртвите провоцираат насилство. Постојат и погрешни сфаќања поврзани со брачен силување, психолошко насилство и доверливоста на жртвите. Многу испитаници веруваа дека сторителите се главно лица со ментални болести или зависници, или пак посомневаа во нивната способност за промена. Овие наоди укажуваат на потребата од родово трансформативни обуки за адресирање на основните предрасуди.

Влијание на професионалното однесување и довербата

Приближно половина од испитаниците признаа дека институционалната доверба и професионалното однесување значително влијаат врз одлуката на жртвата да пријави или да преземе правна постапка. Сепак, многумина не ја сфатија целосно оваа улога, што создава исклучок кој може да го отежни ефективното вклучување и поддршка на преживеаните

Потреби од обука и институционални препораки

Повеќето професионалци побараа сеопфатни, улогово специфични и присутни обуки — особено за законската рамка, комуникацијата заснована на траума, процедурите за упатување и стратегии за економска реинтеграција. Испитаниците исто така нагласија потреба од јасни интерни протоколи, сензибилизација на работодавачите и адресирање на ризиците од исцрпеност кај вработените. Имаше силна поддршка за континуирани мултисекторски обуки усогласени со законските и етичките одговорности на Центрите за вработување.

Јазови помеѓу правната рамка и практичната имплементација

Јазовите помеѓу правната рамка и практичната имплементација се особено изразени во улогата на Агенцијата за вработување. Според член 99 од ЗСЗНВЖСН, реинтеграцијата на жртвите на родово базирано и семејно насилство вклучува повеќе компоненти како што се привремено сместување, психолошко советување со менторство, финансиска помош, пристап до образование и обуки, како и законски утврдени мерки за вработување кои се прилагодени на специфичните потреби на жртвите. Иако оваа законска рамка јасно ја определува улогата на Агенцијата за вработување во спроведувањето на мерките за вработување на ранливите групи, вклучително и жртвите на РБН, НВЖ и СН, во практиката се забележуваат значителни предизвици. Недостатокот на систематизирани обуки, слабата институционална координација и нејасноста во процедурите доведуваат до недоволна примена на овие законски мерки, што го намалува капацитетот на Агенцијата ефективно да ги поддржи жртвите во нивната економска реинтеграција и независност.

Центрите за вработување имаат клучна улога во економското овластување на преживеаните од РБН, но недостатокот на обука, правна писменост, институционално водство и постоењето на штетни стереотипи го поткопуваат нивниот ефект. Итни инвестиции во родово сензитивни, законски засновани и практично ориентирани обуки се неопходни за да се обезбеди дека овие институции ги исполнуваат своите задачи во поддршката на закрепнувањето, безбедноста и реинтеграцијата на жртвите.

Препораки за давателите на прв одговор од Центрите за вработување

Јакнење на капацитетите за правната и институционалната рамка

- Обезбедување обуки за Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство и Истанбулската конвенција.Разјаснување на улогата на Центрите за вработување во системот за заштита од родово базирано насилство.
- Развивање и имплементација на интерни протоколи и постапки за постапување во случаи на РБН.

Јакнење на капацитетите во областа на економско зајакнување и реинтеграција

- Обезбедување обуки за изработка на персонализирани планови за поддршка за вработување на преживеаните.
- Оспособување на вработените да идентификуваат бариери до вработување (недостаток на грижа за деца, траума, правен статус) и да ги упатат преживеаните до соодветни служби.
- Обука за ангажирање на работодавачи, намалување на стигмата и промовирање на инклузивни практики за вработување на преживеани.
- Споделување добри практики за поврзување на економската поддршка со безбедноста и зајакнувањето на преживеаните, вклучително и пристап до државни програми, развој на вештини и претприемништво.

Поддршка за развој и имплементација на пристапи фокусирани на жртвата и информирани за траума

- Обезбедување обуки за изработка на персонализирани планови за поддршка за вработување на преживеаните.
- Оспособување на вработените да идентификуваат бариери до вработување (недостаток на грижа за деца, траума, правен статус) и да ги упатат преживеаните до соодветни служби.
- Обука за ангажирање на работодавачи, намалување на стигмата и промовирање на инклузивни практики за вработување на преживеани.
- Споделување добри практики за поврзување на економската поддршка со безбедноста и зајакнувањето на преживеаните, вклучително и пристап до државни програми, развој на вештини и претприемништво.

Поддршка за развој и имплементација на пристапи фокусирани на жртвата и информирани за траума

- Обука за професионалци за комуникација чувствителна на жртви, градење доверба и почитување на доверливоста.
- Подобрување на разбирањето на психолошките, емоционалните и економските аспекти на насилството, вклучително и препознавање на нефизичко насилство.
- Обезбедување алатки за пристап кој зема предвид пресек на фактори (intersectionality) и специфични потреби на преживеаните во зависност од возраст, социо-економски статус, родителство или други карактеристики.

ЗА ПРИСТАП ДО ЦЕЛОТО ИСТРАЖУВАЊЕ "ПОСИГУРНА ИДНИНА: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ПРЕКУ ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" СКЕНИРАЈТЕ ГО QR КОДОТ!

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.